# IOOSK

Градови и велосипеди

Работилница за планирање на градските велосипедски патеки
Во организација на Одржливи иницијативи,
во партнерство со Архитектонскиот факултет-Скопје,
и соработка со Коалицијата за одржлив развој.

Уредување: Олгица Нелковска и Бојан Ранташа

Фотографии: Кирил Шентевски, Татјана Ранташа, Олгица Нелковска и Бојан Ранташа

Лектура: Ружица Пејовиќ

Податоци за каталогизација може да се најдат на задната страна од оваа публикација.

ISBN 978-608-65148-0-8

Одржливи иницијативи, 2010
Репродукцијата е дозволена доколку се наведе изворот.

Отпечатено во Македонија

## Скопје и велосипедите

Скопје има голем потенцијал да биде вистински град за велосипедистите.
Постојат одлични географско-климатски предуслови: површина од 7.088 ха, должина од 22 км, ширина од 9 км, благи наклони од 0,1° до 0,7° (2,6° до 13,5° кај ридско-планинските падини), просечна максимална температура од 3,8°C до 30°C.[1]
Постоењето на велосипедски патеки со вкупна должина од 48,5 км и на Основен план за употреба на велосипеди во Скопје (2004) е реалност кон остварувањето на велосипедскиот потенцијал на градот.
Надминувањето на проблемите заради остварување на велосипедскиот потенцијал на градот опфаќа кревање на јавната свест и развивање на велосипедската инфраструктура. Обата проблема подразбираат долготрајни процеси за надминување, спроведувани преку програмски пристап.

Работилницата „Градови и велосипеди" заедно со предавањето на експертот Вим ван дер Вијк претставува иницијатива што преку странските и домашните искуства и експертиза цели да се добијат идеи применливи во локални услови и притоа да се овозможи образование на група од млади архитекти со основните предзнаења за градско планирање за велосипеди – градски велосипедски патеки.

1) Основен план за употреба на велосипеди во Скопје, 2004, Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, Скопје.

## Skopje and Bicycles

Skopje has great potentials to be a real city for cyclists.
Its geographic and climate conditions are more than favourable: area of 7.088 ha, length of 22 km, width of 9 km, mild slopes mainly ranging from 0.1° to 0.7° (2,6° to 13,5° near the hillsides), average maximum temperature ranging from 3,8°C to 30°C.[1]
The existence of bicycle lanes in total length of 48,5 km and a Bicycle Master Plan for Skopje (2004) is a reality towards the achievement of the bicycle potential of the city.
The issues that need to be overcome for the realization of the bicycle potential of the city are in relation to raising of public awareness and the development of the bicycle infrastructure. Both issues require a long term process for overcoming, implemented with through a program approach.

The workshop "Towns and Bicycles" together with the lecture of the traffic expert Wim van der Wijk, represents an initiative that by using foreign and domestic experiences and expertise aims to create locally applicable ideas whilst providing a group of young architects with essencial knowledge on urban bicycle lanes planning (urban cycling).

1) Bicycle Master Plan for Skopje, 2004, Ministry of Environment and Physical Planning of the Republic of Macedonia, Skopje.

## Работилница: Градови и велосипеди

Студентите од Архитектонскиот факултет-Скопје имаа цел да предложат спроведливи идејни решенија за велосипедски патеки што ќе придонесат во подобрувањето на градското возење велосипед. Нивната работа беше водена и се надгради врз постојниот Основен план за употреба на велосипеди во Скопје (2004), потоа врз искуствата на многубројни институции и организации истакнати на Велосипедскиот форум 2010, Скопје, и врз експертизата на Вим ван дер Вијк и на асистентите од Архитектонскиот факултет-Скопје.

Во рамките на работилницата беа понудени решенија за три типа велосипедски патеки:

- туристички: велосипедски патеки што ги поврзуваат значајните туристички знаменитости и што овозможуваат поедноставно движење и запознавање на локалитетот и на неговите знаменитости за туристите-велосипедисти што го посетуваат.

- рекреативни: велосипедски патеки што ги поврзуваат рекреативните зони во градот и што може да се вклопат во системот на веќе постојните велосипедски патеки.

- градски потреби: велосипедски патеки што им користат на сите граѓани и овозможуваат квалитетен и безбеден велосипедски сообраќај, а со тоа и зголемување на квалитетот на живеењето на територијата на градот.

## Workshop: Towns and Bicycles

The workshop particiapnts, students from the Faculty of Architecture - Skopje, had a task to create applicable solutions for bicycle lanes that can contribute in the improvement of urban cycling. Their work was guided and was upgraded on the basis of the Bicycle Master Plan for Skopje (2004), the experience of a number of institutions and organizations presented at the Bicycle Forum 2010, Skopje and the expertise of Wim van der Wijk and the assistants from the Faculty of Architecture – Skopje.

In the framework of the workshop solutions for 3 types of bicycle lanes were offered:

Tourist: bicycle lanes that connect important tourist places and offer easier movement and introduction to the location and its landmarks for the bicycle tourists that are visiting.

Recreation: bicycle lanes that connect the recreational zones of the city and that can be integrated in the system of the existing bicycle lanes.

City needs: Bicycle lanes that are useful for all citizens and offer improved and safe bicycle traffic, thus creating a better living environment in the city.

## Тимот

**Вим ван дер Вијк** од 1989 година работи за „Ројал хасконинг", во одделението за сообраќај и транспорт. Како координатор на проекти тој раководи и изведува проекти од областа на безбедноста во сообраќајот, дизајн на патиштата, испитувања и анализи, мобилност, оценување на влијанието врз животната средина, панирање на регионален и (интегриран) сообраќаен и транспортен систем, како и на проекти за просторен и сообраќаен развој. Како експерт-консултант често е вклучен во градежни зафати за патишта, мостови и за тунели. Секојдневната практика во дизајнирање сигурни патишта вклучува лесно читливи патишта и пријателски рабници, како вообичаен квалитативен аспект.
Еден неодамнешен пример за интегрален проект за сообраќај и транспорт на кој тој има работено е идеен и финален дизајн, подготовка на тендерска документација и надзор на пат што поврзува нова станбена населба во општината Тиел, вклучувајќи и брз кружен тек и тунели за велосипеди.
Од 2004 година Вим често е вклучен во тренинг-семинари на темата дизајн на сигурни патишта, ревизија за сигурност на патиштата, управување на сигурноста на мрежата и лесно читливи патишта во Унгарија, Романија, Бугарија и на Кипар. Последен тренинг-семинар што го организира е тој во главниот град на Бугарија, Софија, на темата дизајн на велосипедски сообраќај.

Домашен стручен тим:
**Дивна Пенчиќ**, асистент, Архитектонски факултет-Скопје
**Јасна Стефановска**, асистент, Архитектонски факултет-Скопје
**Огнен Марина**, асистент, Архитектонски факултет-Скопје
**Филип Дубровски**, соработник, Архитектонски факултет-Скопје
**Олгица Нелковска**, координатор, Одржливи иницијативи

## The Team

**Wim van der Wijk** works for Royal Haskoning in the Business Group Traffic and Transport since 1989. As all round (senior) Project Leader he has managed and executed projects including traffic safety, road design, survey and analysis, mobility, environmental impact assessments, regional and (integrated) traffic and transport planning, spatial and traffic development. As expert advisor he is often involved in civil engineering specifications for roads, bridges and tunnels. Every day practise of safe road design includes self explaining roads and forgiving road side as 'normal' quality aspects. A recent example of an integral traffic and transport project is the preliminary and final design, tender documents and supervision of a distributor road for a new housing development area in the municipality of Tiel, including a turbo roundabout and bicycle tunnels.
Since 2004 Wim is frequently involved in training projects abroad, including trainings Safe Road Design, Road Safety Audit, Network Safety Management and Self Explaining Roads in Hungary, Romania, Bulgaria and Cyprus. Recently he organized and executed a training "Bicycle Traffic Design", to designers of the Bulgarian capital Sofia.

Local expert team:
**Divna Pencik**, Assistant, Faculty of Architecture - Skopje
**Jasna Stefanovska**, Assistant, Faculty of Architecture - Skopje
**Ognen Marina**, Assistant, Faculty of Architecture - Skopje
**Filip Dubrovski**, Collaborator, Faculty of Architecture - Skopje
**Olgica Nelkovska**, Coordinator, Sustainable Initiatives, Skopje

## ГРУПА 1

## Велосипедски патеки за ГРАДСКИ ПОТРЕБИ

Велосипедот е транспортно средство употребувано за реализирање на секојдневните потреби на граѓаните. Тој мора да го добие заслуженото место во секој град, а особено во град како Скопје кој според природните карактеристики е совршен за велосипедизам.
За таа цел, пред сè, мора да се обезбеди континуирана инфраструктура (која ќе ги поврзе сите точки од интерес во градот, меѓусебе и со градските и со приградските населби), оспособена за течно движење, опремена со сите ознаки за препознатливост и придружни содржини покрај патеките.
Следува интеграција на разните видови јавен транспорт и креирање транспортна мапа на Скопје.
Паралелно со тоа, неопходна е кампања за промоција на велосипедизмот како рамноправен вид транспорт со моторниот транспорт.

УЧЕСНИЦИ:
ДАНА Јовановска
МАЈА Велкоска
ДРАГАН Крстевски
СНЕЖАНА Домазетовска
ХРИСТИНА Стојчевска

МЕНТОР
ЈАСНА Стефановска

## GROUP 1

## Bicycle lanes for CITY NEEDS

A bicycle is a mean of transport used for fulfilling the daily needs of the citizens. It deserves to get its rightful place in every city, especially in a city like Skopje, which is perfect for cycling considering the natural conditions.
For that purpose, we initially need a continuous infrastructure (connecting all the points of interest in the city between them within the urban and suburban neighborhoods) providing smooth movement, equipped with signalization for easy navigation and adjacent facilities along the lanes.
Secondly, integration of all types of public transport with cycling and creating a transportation map of Skopje.
Finally, a campaign for promotion of cycling as equally important mean of transport as the motorised, is necessary.

PARTICIPANTS:
DANA Jovanovska
MAJA Velkoska
DRAGAN Krstevski
SNEZANA Domazetovska
HRISTINA Stojcevska

MENTOR
JASNA Stefanovska



..АДМИНИСТРАЦИЈА......ПАЗАР...............УНИВЕРЗИТЕТ..........ТРАНСПОРТ............КУПУВАЊЕ.............КУЛТУРА.......РЕКРЕАЦИЈА/СПОРТ..... БОЛНИЦА..



ПОСТОЕЧКИ ПАТЕКИ

ПЛАНИРАНИ ПАТЕКИ



## ГРУПА 2

## Велосипедски патеки за ТУРИСТИ

Да се биде турист е речиси вообичаено искуство во современата урбана цивилизација. Да се биде турист во својот сопствен град е многу потешко. Тоа подразбира многу подлабока промисла на просторното искуство на градот и огромен напор да се одвоите себеси од сопственото искуство со секојдневната реалност и од искуството на градот. Само така може да станете свесни за квалитетите и слоевите на градот што се скриени од граѓаните со баналноста на катадневната рутина. Токму истражувањето на овие слоеви беше задачата на групата од студенти наречена „Урбани туристи". Овој нов слој на градот, препознаен како велосипедска патека, е трагата за нивното искуство со градот. Нашиот предлог е градската туристичка патека да стане интегрален дел од дневниот и особено од ноќниот живот на градот. Ајде да возиме за да го почувствуваме градот!

УЧЕСНИЦИ:
МАРТИН Ефремовски
БОЈАНА Петроска
АЛЕКСАНДАР Балдазарски
ЗОРИЦА Дрвошанова
ИРИНА Јовановска
ФИЛИП Конески

МЕНТОР
ОГНЕН Марина

## GROUP 2

## Bicycle lanes for TOURISTS

Being a tourist is almost a general experience in the everyday life in urban civilization. Being a tourist in your own city is a much harder task. It requires a much more profound thought for the spatial experience of the city itself and a tremendous effort to detach itself from your everyday reality and experience of the city.
Exploring these layers was exactly the task of the City tourist student group called "Urban Tourists". This new layer of the city recognised as a new bike path is a trace of their experience of the city. It deals not only with the problem of jams and flows of people, but adds extra value to its user and to the city itself. We suggest that the Tourist Bike path becomes an integral part of the daily and especially night life of the city. Let's bike to feel the city!

PARTICIPANTS:
MARTIN Efremovski
BOJANA Petroska
ALEKSANDAR Baldazarski
ZORICA Drvosanova
IRINA Jovanovska
FILIP Koneski

MENTOR
OGNEN Marina

# ноќна патека

старт 20:00 крај 00:27

времетраење 4ч 27ми

должина на патека 5.14км





следи ги знаците...












ЗОРИЦА Дрвошанова
ИРИНА Јовановска

# ГРАД НА КОНТРАСТИ



ТУРИСТИЧКА ПАТЕКА
Целта на оваа идеја е да се понуди поинакво доживување на градот, од перспектива на движењето, како за туристите, така и за секојдневните жители на градот Скопје. Преку анализирање на периодот во кој туристот треба да дојде од еден до друг референтен објект како посетител, како и дистанцата помеѓу самите референтни точки, дојдовме до заклучок дека е попријатно да се доживее од перспектива на пешак. Поради сето ова дојде до потреба да се пронајде и да се одбележи патека во градот што ќе понуди непрекинато движење со велосипед, а притоа нема да ги оттргне знаменитостите на градот како главна туристичка атракција. Со тоа на туристот ќе му се овозможи избор на места и содржини, меѓусебно поврзани со различни амбиентални делови, кои на поинаков начин ќе му го претставaт градот. Таа патека минува низ централното градско подрачје и нуди различни доживувања преку концептот на поврзување на градските различности.

СКОПЈЕ - ГРАД НА КОНТРАСТИТЕ
Во дефинирањето на патеката помогна нашето искуство со градот, нашите омилени предели, како и неодминливите посебности на Скопје. Со повлекувањето на одбраните локации се дефинира патеката на контрастите и ја покажува скопската реалност, која се стреми на посетителите да им ја понуди вистината и да раскаже поинаква приказна од стандардизираните туристички понуди за секој европски град. Од густа структура, високи објекти, низина, затворени простори, стари сокаци, се преминува во разбиена структура, ниски објекти, ридови, отворени визури, нови и широки улици. Притоа, соодветно одбележување на присуството на значајни места и објекти покрај патеката, како и транзитни излези кон дополнителните патеки со поинаква содржина, од кои е можно враќање на основната патека.

*дијаграм на контрасти по должината на патеката * визури на отворено    *дијаграм на контрасти по должината на патеката* визури на отворено




низина    рид    низина    рИд    низина







старо    НОВО    старо НОВО    старо    НОВО    старо








ниско    ниско    ниско    ниско    ниско







затворено    затворено

затворено    отворено    отворено    отворено







густо  р е т к о  густо  р е т к о  густо  р е т к о  густо  р е т к о  густо

## ГРУПА 3

## Велосипедски патеки за РЕКРЕАЦИЈА



Рекреативното користење на велосипедот низ околината на Скопје е видливо најзастапено денес. Користењето гравитира пред сè во регион близок на градот, односно планините што го обиколуваат. Промовирана е идејата за рекреативно користење на велосипедот во самиот град, преку трасирање патеки и коридори што го допираат урбаниот и природен пејзаж на градот. Добиена е мрежа од патеки со рекреативна намена за секаков вид корисници и потреби. Соодветно на тежината на самата патека, направена е поделба на 4 категории, според должината, времето, условите и опремата што е потребна за возење по неа.

УЧЕСНИЦИ:
ФИЛИП Атанасоски
МАРИЈА Новаковиќ
ДЕЈАН Јурак
ХРИСТИЈАН Бабука
КАТЕРИНА Колевска

МЕНТОР
ФИЛИП Дубровски

## GROUP 3

## Bicycle lanes for RECREATION



The recreational use of the bicycle in the nearby surrounding of Skopje can be considered as the most common today. The use gravitates around the close region of the city, implementing the surrounding mountains. The idea of recreational riding in the city itself has been promoted by creating paths and corridors that are passing through urban and natural landscape. The result is a web of paths with recreational purposes for all kinds of users and needs. According to the level of the track itself, division of 4 categories considering its length, time, conditions and equipment needed for riding on it.

PARTICIPANTS:
FILIP Atanasoski
MARIJA Novakovik
DEJAN Jurak
HRISTIJAN Babuka
KATERINA Kolevska

MENTOR
FILIP Dubrovski






BIKE STOP&GO - Пункт за велосипедисти што обезбедува услови за одмор, заштита од дожд/сонце, паркинг за велосипед, клупа за одмор. Опремен со автомат за вода, сокови, кафе, чоколади, прва помош, пумпа за гуми. Самоодржлив преку соларни панели за електрична енергија, место за рекламирање - преку тоа се собираат финансиите што се потребни за негово функционирање. Би бил поставен на одредено растојание на секоја патека за рекреација, во зависност од фреквенцијата на движењето на корисниците на патеката.


ТИП I
Покрај железничка пруга
Брегот на Река Вардар
Градски парк
Јужен Булевар
Околу Гази Баба
Даме Груев
Тип II
Езеро Треска
Покрај Водно

## Тип III


Водно


Кањон Матка


планина Скопска Црна Гора


Патишка Река

## Тип IV


Љуботен


Козјак


Китка


Гази Баба

# Фото галерија
# Photo Gallery



















CIP - Каталогизација во публикација

Национална и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

711.73(497.711)
625.711.4(497.711)

Градови и велосипеди / (уредување Олгица Нелковска и Бојан Ранташа; фотографии: Кирил Шентевски ... и др.). - Скопје ; Центар за одржливи иницијативи, 2010. - 20стр. ; илустр. ; 21 см

Текст напоредно на мак. и англ. јазик - Публикацијата е во рамките на проектот „Градови и велосипеди" проект за промоција на велосипедизмот, а во рамките на првиот фестивал за велосипеди во Македонија ВелоФест-креативен фестивал за велосипеди.

ISBN 978-608-65148-0-8

а) велосипедски патеки - Планирање - Скопје б) Урбанистичко планирање - велосипедски патеки - Скопје
COBISS.MK-ID 82861834

Оваа брошура е изработена во рамките на проектот „Градови и велосипеди", проект за промоција на велосипедизмот, а во рамките на првиот фестивал за велосипеди во Македонија: Велофест - креативен фестивал за велосипеди.
Работилницата и ВелоФест 2010 Скопје се остварени во координација и поддршка од Град Скопје.

Ставовите и мислењата истакнати во оваа публикација не се неопходно одраз на ставовите и мислењата на донаторот.

Копии од оваа публикација се достапни бесплатно додека има резерви од:
Здружението на граѓани Одржливи иницијативи - Скопје
www.inicijativi.org.mk

Проектот е поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје во рамките на прославата на Денот на кралицата 2010.

---

This brochure is produced in the framework of the project "Towns and Bicycles", Project for promotion of cycling, and in the framework of the first bicycle festival in Macedonia: VeloFest – a creative bicycle festival.
The workshop and VeloFest 2010 Skopje are realised in coordination and support from the City of Skopje.

The vievs and opinions presented in this publication are not necessarily a reflection of the views and opinions of the donor.

Copies of this publication are available free-of-charge while stocks last from:
Citizens' organization Sustainable Initiatives - Skopje
www.inicijativi.org.mk

The project is supported by the Embassy of the Kingdom of the Netherlands to Skopje, in the framework of the celebration of Queens Day 2010.

Kingdom of the Netherlands

ISBN 978-608-65148-0-8